ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

ПОКАНА

Почитувани,

Општина Велес врз основа на член 8 и член 30 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 69 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),Ве поканува на Јавна трибина (расправа) по Предлог-програмите на Општина Велес за 2027 година.

Јавната расправа ќе се одржи на ден **10.11.2026 година (вторник)** во електронската сала на Општина Велес и тоа за:

- претставници од областите на образованието, културата, здравствената и социјална заштита, како и од здруженија и фондации (невладини организации, културно уметнички друштва, спортски клубови итн.) и заинтересирани граѓани во **16:00** часот
- претставниците од урбани и месни заедници и заинтересирани граѓани со почеток во **18:00** часот

На Јавната расправа ќе бидат разгледувани Предлог-програмите на Општина Велес за 2027 година:

1. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и афирмацијата преку јавни настани и манифестации, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка во 2027 година;
2. Предлог –програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2027 година;
3. Предлог –програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2027 година;
4. Предлог –програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2027 година;
5. Предлог –програма за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2027 година;
6. Предлог –програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2027 година;
7. Предлог –програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2027 година;
8. Предлог –програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2027 година;
9. Предлог - програма за активностите на Општина Велес во областа на уредувањето на градежното земјиште во 2027 година;
10. Предлог – програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2027 година;
11. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2027 година;

12. Предлог – програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2027 година;
13. Предлог – програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2027 година;
14. Предлог – оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес во 2027 година;
15. Предлог - оперативна програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територија на Општина Велес за 2027 година;
16. Предлог – програма за одржување на комунална чистота и реализација на проекти од комунална инфраструктура преку ангажирање на невработени лица на територијата на Општина Велес во 2027 година;

Предлог-програмите на Општина Велес за 2027 година што ќе бидат презентирани на Јавната трибина (расправа) можете да ги најдете и во електронска форма на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk.

Со почит,

Бр.09- 16887/1
09.11.2026 година

Општина Велес